Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги - СКОПЈЕ
Примено: 28.03.2014
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
|---|---|---|---|
| 10 | 1869/2 | 1 | |

# ИЗВЕШТАЈ
## од програмскиот надзор (мониторинг) на програмата на ТРД ТВ Алфа ДООЕЛ Скопје, емитувана на 27 март 2014 година

***Утврдени прекршувања:***

1. **<u>Член 75-ѓ став 1 од Изборниот законик</u>** (за време на изборната кампања и во првиот и во вториот круг на гласање, радиодифузерите кои ги покриваат изборите можат да емитуваат 12 минути дополнително време за рекламирање на реален час емитувана програма исклучиво наменети за платено политичко рекламирање, од кои за еден учесник во изборната кампања можат да одвојат најмногу 8 минути)

| Датум | Период на емитување | Опис |
|---|---|---|
| 27 март 2014 година | Од 18:00:00 до 18:07:38 – Митинг на ВМРО ДПМНЕ и Коалицијата;<br><br>Од 18:18:39 до 18:18:59 – Спот на Ѓорге Иванов;<br><br>Од 18:22:51 до 18:25:02 – Спот на Ѓорге Иванов | Во периодот од 18 до 19 часот, емитувани се дел од митинг на ВМРО ДПМНЕ и Коалицијата, и два спота за претседателскиот кандидат Ѓорге Иванов.<br><br>Вкупното време на ова платено политичко рекламирање изнесува 10 минути и 9 секунди, што е за 2 минути и 9 секунди повеќе од дозволениот лимит од 8 минути на еден реален час платено политичко рекламирање за еден учесник во изборната кампања. |

***Опис на прекршувањето:***

Спротивно на член 75-ѓ став 1 од Изборниот законик, на 27 март 2014 година, на програмата на ТРД ТВ Алфа ДООЕЛ Скопје, во реалниот час од 18 до 19 часот, емитувано е повеќе од 8 минути на еден реален час платено политичко рекламирање за еден учесник во изборната кампања.

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**